Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Четиринаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 22 октомври 2020 година

Скопје, октомври 2020 година

**З А П И С Н И К**
**од Четиринаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 22 октомври 2020 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 18:50 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата учествуваа м-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, м-р Никола Димитров заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука, Горан Милевски, министер за локална самоуправа и Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

На седницата учествуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија и Биљана Пецовска, нотар.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

1. Предлог на закон за финансиска поддршка на работодавачите погодени од здравствено економската криза предизвикана од вирусот Covid-19, заради исплата на платите за месеците октомври, ноември и декември 2020 година, по скратена постапка

2. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност

3. Информација за задолжување на Општина Кавадарци кај Комерцијална Банка АД Скопје, со Предлог-одлука за задолжување на Општина Кавадарци со долгорочен кредит кај Комерцијална Банка АД Скопје

4. Информација за итни мерки за заштита на Преспанското Езеро

5. Информација за потпишување на Меморандум за разбирање за безбедност на 5G технологии со Владата на Соединетите Американски Држави, со Извештај за завршено усогласување

6. Предлог - програма за дополнување на Програмата за остварување и развој на дејноста во студентски стандард за 2020 година

7. Предлог - уредба за дополнување на Уредбата за начинот на организирање и реализирање на наставата во вонредни околности во основните и средните училишта

8. Предлог на план за одржување на наставата во основните и средните училишта во учебната 2020/2021 година

9. Кадровски прашања

10. Прашања и предлози

*

*     *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

### <u>Точка 1</u>

Владата го разгледа Предлогот на закон за финансиска поддршка на работодавачите погодени од здравственоекономската криза предизвикана од вирусот COVID-19, заради исплата на платите за месеците октомври, ноември и декември 2020 година, по скратена постапка и согласно предлозите изнесени во расправата на седницата на Владата го утврди со следните заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на законот да се дополни во насока со нов член да се дефинира дека компаниите кои во последните три години оствариле профит поголем од 10 милиони евра кумулативно во последните три години, неможат да ја користат оваа мерка и нов став во истиот член дека ова не се однесува за оние компании кои оствариле профит поголем од 10 милиони евра кумулативно во последните три години, а имаат повеќе од 2000 вработени во компанијата и не го намалиле овој број на вработени лица во последната година и истото номотехнички да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за финансиска поддршка на работодавачите погодени од здравственоекономската криза предизвикана од вирусот COVID-19, заради исплата на платите за месеците октомври, ноември и декември 2020 година, по скратена постапка, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии, а за повереник Сузана Стојмировска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

Дополнително, се задолжува Министерството за финансии да подготви и за седницата на Владата што ќе се одржи на 26.10 2020 година (понеделник), да достави соодветни законски измени за финансиска поддршка на физичките лица кои вршат самостојна дејност.

**Точка 2**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии, а за повереник Сузана Стојмировска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Информацијата за задолжување на Општина Кавадарци кај Комерцијална банка АД Скопје, со Предлог одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за задолжување на Општина Кавадарци со долгорочен кредит кај Комерцијална банка АД Скопје, во предложениот текст.

**Точка 4**

Владата ја повлече од Дневен ред Информацијата за итни мерки за заштита на Преспанското Езеро поради потребата Министерство за животна средина и просторно планирање да достави информација по предметното прашање.
Истовремено, Владата го задолжи Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија", во државна сопственост да подготви и до Владата да достави информација за состојбата со природните езера и вештачките акумулации (на кои имаат хидроцентрали) во насока на согледување на реалните состојби со водите во државата како и информација за производство на електрична енергија, по месеци, за последните три години, заклучно со 15 октомври 2020 година.

## Точка 5

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Меморандум за разбирање за безбедност на 5G технологии помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Соединетите Американски Држави, со Извештај за завршено усогласување и усогласен текст на Меморандум и ја усвои, со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање за безбедност на 5G технологии помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Соединетите Американски Држави, со заклучок во точка 1) од Меморандумот зборовите „ без независен судски преглед" да се заменат со зборовите „освен поради независни судски постапки/одлуки".

Дополнително, Министерството за информатичко општество и администрација до потпишување на Меморандумот да ги разгледа предложените укажувања за терминолошко подобрување на текстот на Меморандумот на македонски јазик.

2. Се определува претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Меморандумот за разбирање за безбедност на 5G технологии.

## Точка 6

Владата ја донесе Програмата за дополнување на Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2020 година, во предложениот текст.

## Точка 7

Владата ја донесе Уредбата за дополнување на Уредбата за начинот на организирање и реализирање на наставата во услови на вонредни околности во основните и средните училишта, во предложениот текст.

## Точка 8

Владата го разгледа новиот изменет текст на Предлогот на план за одржување на наставата во основните и средните училишта во учебната 2020/2021 година и го прифати Планот за одржување на наставата во основните и средните училишта во учебната 2020/2021 година – Прилог број 51 од Одлуката за мерки за спречување на

внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, кој да се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Согласно ова, Владата донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

## Точка 9

**1.** Владата ја констатира оставката на Иљми Селами од должноста член на Одборот на директори на АД „Водостопанство на Република Северна Македонија“, во државна сопственост.

1.1 Владата го избра Васко Стефанов за член на Одборот на директори на АД „Водостопанство на Република Северна Македонија“.

**2**. Владата за членови на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, на предлог на организациите регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации, ги назначи:

- Наташа Бошкова за областа „Заштита на маргинализираните лица“ од Коалицијата сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници Маргини Скопје и

-Снежана Трпевска за областа „Медиуми и информатичко општество“ од Здружението на новинарите на Македонија Скопје.

**3.** Владата го именува Марјан Кицев, претставник од репрезентативниот синдикат член на Економско социјалниот совет, за член на Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија.

**4.** Владата ја разреши Маја Аргировска, претставник од Министерството за финансии, од должноста член на Комисијата за одлучување по барањата за зголемување на формираната цена на лек.

4.1. Владата ја именува Аница Иваноска Стрезовски, претставник од Министерството за финансии, за член на Комисијата за одлучување по барањата за зголемување на формираната цена на лек.

**5.** Владата ја разреши Слободанка Колевска од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Општа болница – Струга, на нејзино барање.

5.1. Владата го именува Мартин Џутески за член на Управниот одбор- претставник на основачот на ЈЗУ Општа болница – Струга.

**6.** Владата за членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со објектите за спорт во сопственост на Република Северна Македонија, ги именува:

- Ветон Мурати,
- Владо Недановски,
- Никола Рилак и

- Зоран Саздовски.

**7**. Владата го разреши Арбен Виља од должноста вршител на должноста директор на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија.

7.1. Владата го именува Дејан Павлески за вршител на должноста директор на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**8**. Владата го разреши Александар Стефановски од должноста член на Управниот одбор на Фондот за иновации и технолошки развој.

8.1. Владата за членови на Управниот одбор на Фондот за иновации и технолошки развој, ги именува:

- Моника Јованова за период од три години
- Пиштар Љутфиу за период од три години
- Калина Лечевска за период од три години
- Бранко Ничота за период од три години
- Димитрија Анѓелковски за период од две години
- Синиша Вељаноски за период од две години
- Дритон Зибери за период од две години.

**9.** Владата ја разреши Славица Тодорова од должноста директор на Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците, орган во состав на Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците.

9.1. Владата го именува Милутин Станчиќ за директор на Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците, орган во состав на Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**10.** Владата го разреши Измит Нура од должноста заменик на директорот на Агенцијата за млади и спорт.

10.1. Владата го именува Авни Рустеми за заменик на директорот на Агенцијата за млади и спорт и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**11.** Владата го разреши Аљајдин Хавзиу од должноста директор на Државниот инспекторат за труд, орган во состав на Министерството за труд и социјална политика.

11.1. Владата ја именува Јована Тренчевска за вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за труд, орган во состав на Министерството за труд и социјална политика и истовремено и утврди коефициент за пресметување на плата.

**12.** Владата од должноста членови на Управниот одбор – претставници на основачот на Државниот учenички дом „Крсте П. Мисирков“- Кавадарци, ги разреши:

- Ангелчо Петков и
- Косте Бојков.

12.1. Владата за членови на Управниот одбор – претставници на основачот на Државниот ученички дом „Крсте П. Мисирков“- Кавадарци, ги именува:

- Ефремчо Николов,
- Душанка Трајковска и
- Павле Лукоски.

**13.** Владата ја разреши Билјана Јовановска од должноста директор на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, на нејзино барање.

13.1. Владата го именува Абдуш Демири за директор на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија.

**14.** Владата го разреши Сафет Емрули од должноста директор на Државниот завод за индустриска сопственост, на негово барање.

**15.** Владата го разреши Горан Герасимовски од должноста заменик на директорот на Државниот завод за индустриска сопственост, на негово барање.

15.1. Владата го именува Горан Герасимовски за вршител на должноста директор на Државниот завод за индустриска сопственост и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**16.** Владата го разреши Осман Шукриу од должноста заменик на директорот на Агенцијата за иселеништво на Република Северна Македонија, на негово барање.

16.1. Владата го именува Измит Нура за заменик на директорот на Агенцијата за иселеништво на Република Северна Македонија и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**17.** Владата го разреши Фејзула Спахија од должноста директор на Државниот инспекторат за животна средина, орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање.

17.1. Владата ја именува Ана Петровска за вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за животна средина, орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање и истовремено и утврди коефициент за пресметување на плата.

**18.** Владата го разреши Авдуљ-Селам Селами од должноста заменик на директорот на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

**19.** Владата го разреши Ремзи Абдулахи од должноста заменик -директор на Управата за јавни приходи, орган во состав на Министерството за финансии.

**20.** Владата го именува Ремзи Абдулахи за вршител на должноста заменик на директорот на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**21.** Владата го именува Авдуљ-Селам Селами за вршител на должноста заменик - директор на Управата за јавни приходи, орган во состав на Министерството за финансии и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**22.** Владата го разреши Анте Поповски од должноста вршител на должноста директор на Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствените установи.

22.1. Владата ја именува Каљтрина Беќири за вршител на должноста директор на Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствените установи и истовремено и утврди коефициент за пресметување на плата.

**23.** Владата го разреши Џезми Салиу од должноста директор на Управата за животна средина, орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање.

23.1. Владата го именува Хисен Џемаили за вршител на должноста директор на Управата за животна средина, орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**24.** Владата ја именува Блажена Пејовска за член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за државни патишта.

**25.** Владата заклучи да му препорача на Надзорниот одбор на Акционерско друштво во државна сопстеност за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација (М – НАВ) АД Скопје, за член на Управниот одбор да го избере Фахрудин Хамиди.

**26.** Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на ЈП за стопанисување со објектите за спорт во сопственост на Република Северна Македонија, да го разреши Шпенди Хајредин од должноста директор на ЈП за стопанисување со објектите за спорт во сопственост на Република Северна Македонија.

**27.** Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на ЈП за стопанисување со пасишта– Скопје, да го разреши Љујзим Фејзулаи од должноста директор на ЈП за стопанисување со пасишта– Скопје, а за директор на ЈП за стопанисување со пасишта– Скопје, да го именува Нефрус Челику.

**28.** Владата заклучи да му препорача на Надзорниот одбор на „Железници на Република Северна Македонија-Транспорт", АД-Скопје, од должноста член на Управниот одбор на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје, да го отповика Орхан Муртезани, а за член да го избере Аднан Азизи.

**29.** Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата да објави Јавен оглас во најмалку три дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го

зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, за именување на директор на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија.

30. Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата по објавениот Јавен оглас за именување на директор на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија на 10 февруари 2020 година во дневните весници „Слободен печат", „Вечер прес" и „Коха " ДА НЕ ВРШИ ИЗБОР.

**Точка 10**

1. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради заштита од илегална миграција и заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за коронавирусот COVID-19 и спречување од негово ширење и заради висок ризик и зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија за период од 14 октомври 2020 година до 20 октомври 2020 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

2. Владата заклучи:

1. Да не важи ограничувањето на работното време до 23:00 часот за угостителските објекти на Меѓународниот Аеродром Скопје и Аеродромот „Св.Апостол Павле" во Охрид.

2. Да се ограничи капацитетот на патници во возилата кои вршат меѓународен превоз на 50% од вкупниот капацитет на патници во возилото, согласно што се менува Протоколот за вршење на меѓународен превоз - Прилог број 36, од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, кој да се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Согласно ова, Владата донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, која е составен дел на Точка 8 од Дневниот ред.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 21:40 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

д-р Драги Рашковски

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Зоран Заев